# A BOOK ABOUT THE ETERNAL AND THE HUMAN (ON *CHILDHOOD IS MORE AMARCORD* BY VLADIMIR PETKOVSKI)

**Kristina Nikolovska**
University "Ss. Cyril and Methodius" in Skopje, Republic of North Macedonia,
nikolovska_17@yahoo.com

**Abstract:** *Amar + cord = "to remember with love"*—a brilliant linguistic coinage and neologism that may be translated as "a loving remembrance." In this context, the phrase functions not merely as an echo or variation of the renowned film of the same title, but as an original, evocative, and deeply affective framework for Vladimir Petkovski's exceptional novel. The work, belonging to the genre of fictionalized autobiographical prose, skillfully transports the reader into the luminous sphere of the past, along the alleys of youth—particularly that of the generations preceding our own. It recalls the glorious Skopje of earlier times, a city immortalized in memory through its remarkable figures, events, and spaces—a city that, in its historical form, no longer exists.
Situated between the eternal and the human, Petkovski's novel unfolds as a profound literary achievement marked by sincerity, openness, and an earnest desire to share the vitality and tenderness of youth. The text emerges as a significant contribution to contemporary Macedonian literature, serving as a poignant monument to the "paradise of childhood," to youth itself, to the beauty and essence of life, and, ultimately, to the highest of all human experiences—*love*. This "queen of queens," transcending both time and space, reigns throughout the novel as its central and unifying force, imbuing the narrative with both emotional and existential resonance.
**Keywords:** Vladimir Petkovski; A Book about the Eternal and the Human; Childhood Is More Than Amarcord

# КНИГА ЗА ВЕЧНОТО И ЧОВЕЧНОТО (КОН „ДЕТСТВОТО Е ПОВЕЌЕ ОД АМАРКОРД“ ОД ВЛАДИМИР ПЕТКОВСКИ

**Кристина Николовска**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, РС Македонија, nikolovska_17@yahoo.com

**Резиме:** Амар + корд = „сеќавање со љубов“ (како сјајна кованка и неологизам кој може да се преведе како „сеќавање со љубов“), - овој пат, не само како реплика и варијанта на славниот истоимен филм, но и како оригинално, сетно, носталгично, шармантно, топло писмо, влеано во извонреден роман, кој по жанр е белетризирана автобиографска проза, која вешто умее да не понесе кон сјајот на минатото, кон сокаците на нашата младост, особено на генерациите пред нас, оние кои умееја во славното Скопје да испишат прекрасна белетиризирана реалност која се уште се памети по славни ликови, настани, простори – на она старо Скопје, кое веќе го нема. Но, помеѓу вечноста и човечноста – расте овој сјаен роман, помеѓу искреноста, отвореноста и потребата да се сподели сета таа младост - со нас, расте како значајно дело кое е прекрасен монумент на „рајот на детството“, на младоста, на убавината на животот и животните сокови, на врвот над сите врвови – љубовта, ах таа кралица над кралиците, таа вонземска, вонвременица која освојува ли, освојува во овој блескав роман на Петковски.
**Клучни зборови:** Владимир Петковски, книга за вечното и човечното, детството е повеќе од амаркорд.

## 1. ВОВЕД И ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Амаркорд...
Детство кое е повеќе од Амаркорд
Амаркорд – сложенка изведена од „љубовта“ на два збора, од нивната страст, нивниот „оган“. Кованка која се „родила“ од значето на зборовите: „љубов“ и „сеќавање“. Практично, збор кој дотогаш не постоел, а се лансирал со неологизмот во насловот на култниот филм „Амаркорд“ на Фредерико Фелини.
И така, значењата на оваа кованка „растат“ од: „сеќавање со љубов“, „сакам спомени“, па сè до „носталгија“.
Авторот на оваа книга – угледникот Владимир Петковски се решава за изразот „сеќавање со љубов“ кое наполно го огледува и изразува однос кон минатото, а со тоа се навестува и сушната на неговото најново белетристичко дело.
И сите помалку нè изненади појава на ова дело, на автор кој досега се нема профилирано во македонската проза, но на нашата поширока, но и научна, општествена и академска јавност ѝ е познат како голем

авторитет, човек од јавен углед и висок рејтинг – вистински репрезент на нашата интелектуална, научна, академска и дипломатска елита.

Но, пред да навлеземе во срцевината на овој извонреден роман – кој по жанр е белетризирана автобиографска проза, да се потсетиме на достигнувањата на авторот Петковски.

Владимир Петковски е универзитетски професор, општественик и дипломат, редовен професор на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј", бил прв македонски амбасадор во Кина, бил југословенски амбасадор во Судан, советник за наука и технологија при амбасадата на СФРЈ во Вашингтон.

Уште во младоста извршувал одговорни и значајни општетсвени функции на тогашното сојузно ниво, а од академската кариера има важни студиски престои и стручни усовршувања во повеќе светски и европски центри како Париз, Вашингтон, Бруж, Пекинг, итн., а бил визитинг професор на престижни светски и европски универзитети.

Автор е на 13 книги и на над 120 научни трудови.

И по сета Одисеја низ светот, имаме чест да промовираме дело од познатиот Владимир Петковски во угледната културна институција „Матица Македонска" со книгата „Амаркорд" во издание на „Панили", една од ќерките на „Матица" (Петковски В., Скопје, 2021).

Книгата се јавува во време-невреме за вистинските вредности, но на вистинкото место – во срцевината, во „матицата" на вистинските вредности. Книгата се јавува кога, за жал, го нема веќе старото Скопје, она Скопје по кое кај авторот, но и кај нас, се јавува носталгија. Или сеќавање со љубов.

Книгата се јавува како вистинско „отрезнување", како убав извичник, потсетник на вистинските вредности и доблести. Таа е рафиниран и богато белетризиран дневник, не само на една прекрасна, раскошна и рафинирана личност, богата интелектуално, но и „светла душа" – што би рекол Ефтим Клетников, која умее да ни долови, не само една перпсектива на доживување на стварноста од т.н. „нашето златно време", туку и да навлезе со невидена маестралност до сите убави светлини на *разденот* на нашиот живот, на детството како вистински рај...

Детството како најубав, најчист „изворник", како *прамугри* на нашиот живот.

Петковски е носител, еден од репрезентативните носители на елитното, не само на своите генерации, туку и на неговото, но и наше омилена Скопје. Елитно – велам во најубавата смисла на зборот – како интелектуална елита, како водечка класа (пак свесно вела „класа" – во најубавата смисла на зборот

Во време кога луѓето, вистинските луѓе (оние со светла душа) – станаа празник!

Реткост – како празник.

Но, и книгите се – празник!

Да ги чествуваме

Да ги празнуваме и денес!

## 2. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА

Ова е книга за вечното и човечното

За вечноста и <u>човечноста</u>, но и за „остатокот од вечноста", оној остаток на кој, со сетна тага се сеќава авторот Петковски кога говори за еден од впечатливите ликови од богатата галерија ликови. Тоа вусшност се личности, луѓе познати на нашиот социјален и културен амбиент – легенди на градот, впачатливи и назаборнив ликови.

Но, незаборвни се и случите, авантурите на бујното авторово детство кое тој, несебично ни го открива преку прекрасни и возбудливи настани и сеќавања.

И со колку топлина авторот Петковски раскажува за значењето на иницијативата на авангардата и од колкаво значење е токму тој – еден, важен „чекор напред". Говори за работи кои имаат: „(...) сила на еден исчекор во моето и нејзиното детство."

Ова е книга за градењето на личноста. Се зборува за самосвест, за која авторот, како умно мало дете, го осознава значењето на зборот.

Има убави, топли, уметнички описи. Има и луцидни, симпатични, оригинални сознанија за авторот кој говори за својата „платонска" љубов кон виолината.

И има прекрасни психизми, кога тој доживува, сака, чувствува, но и искрено тагува или болува. Но тој е искрен пред нас, пријатно отворен, дури смел, а сето тоа го искажува на еден природен јазик, со повремена упореба на скопскиот сленг, со кое малото дете, но и момче се соочува во својот живот. Петковски има прекрасен, жив и оригинален израз, препознатив јазик и начин на изразување кој плени.

Наполно живи се и репликите кои успешно ни ги доловуваат скопските легенди, познатите градски ликови, но и ѕвездите на нашето културно и уметничко небо како Влатко Стефановски, Симон Трпчевски итн., со кои има средби во својата богата дипломатска, но и академска карирера.

Посебно интересна е темата за филмско детство. Филмот како интелектуално и емотивно созревање е важен фактор за развој на личноста. Со невидена милина раскажува за култните кино сали во омилениот град Скопје. И свесно велам „град“ бидејќи токму во врмето на авторовата младост, но и нашето детство и младост – СКопје беше вистински град. Град со атирбути, содржини, културни локации и инситуции и настани. Петковски е голем вљубеник во филмската уметност, но и голем библиофил и почитувач на уметноста и науката со кого е уживање да се разговара на овие теми. Сето тоа убаво „оддишува“ од книгата, така таа нè плени и нас. Така и книгата е вистинско уживање, наслада за книгољупците, но и љубителите на луцидната мисла, созниние кое доаѓа како круна по возбудливите авантури, случки и настани со кои изобилува светот на детството – авторовиот Амаркорд, но и повеќе од тоа! Но изобилува и светот на „детството во светот на возрасните“ – според авторот.

Но, сепак не е се резово во ова дело – има и непријатни случки на кои авторот се сеќава. Има и тажни, бизарни или непријатни сеќавања од минатиот период. Сето тоа го прави делото реално, сугестивно и уверливо.

Детето кое во раното детство, заедно со семејството, од рурална средина, доаѓа во срцето на центарот на големиот град Скопје, развива прекрасен уличешен, но пред се жив и незаборавен маалски живот во Млин Балкан, живот – како од филмовите. Книгите, културните настани и пред се прекрасното семејно воспитување го градат младото момче во израдена, богата и раскошна успешна личност која уште од мали нозе се интересира за недоброј поими, појави преку кои го осознава светот. Својто светоглед го расте преку инетресот за поими како: феноменот на јавност, јавен настап, но и други поими.

Младиот Владо уште од мал гради критички однос кон реалноста – има овторени, а не „розови“ очи за неправдите, уште во раниот социјализам. И така во книагата има моќни парадокси, кои ние би ги сп149оределе со оние на големиот  Гане Тодоровски кој уште ранорано, преку храбар стих - нè запраша сите:

„ќе нè има ли и тогаш кога ќе не нема?“

Така и авторот, наместа поставува умни прашања, прашања до нашата совест, прашањата за изгубените вредности во кои сè помалку нè има, во кои децата ни се „заробени“ во опсесиите со мобилните телефони, а овој живот, како од овој роман за возбудливото детство – ним им делува како некоја научна фантастика бидејќи се далеку од т.н. „улични универзитети“ или од прекрасниот маалски живот во кој се развиваат првите симпатии, но се ужива во игрите, случките и во возбудливите палавости.

Такво палаво, но луцидно и умно дете е Владимир Петковски. Истиот Петковски кој квалитетно ќе ги освојува универзитетските, дипломатските и општетсвените скалила на својот успех. Но и нашиот успех бидејчи достојно ќе ја не преставува и во светот.

Делото изобилува со извонредни настани – од работните акции па се до врвовите на кариерата низ светот. Делото има и луцидни перцепции, моќни описи, маркантни ликови-личности од авторовиот живот. Фасцинира и плени цела галерија ликови – семејни, пријателски, деловни контакти, итн. и недоброј инетресни и сипматични епизоди, как онаа со бабата и телефонот.

Но во сето ова, има еден инетересен податок кој по пово оваа промоција јас еклузивно, точно во Матица екслузив ќе го откријам, само за вас почитувани, а тоа е дека јас сум не само промотор и критичар на ова дело, туку и дел од таа галерија на ликови кои имале чест да го живеат тој живот на едно време. Имено, проф. Петковски беше многу близок пријател и соработник со мојот татко Драган Николовски-Ганди. Како дете, имав можност да растам со прекрасното семејно пријателство со фемилијата Петковски. И така, за мене ликовите од делото, не се само ликови од роман, туку се и - вистинските тетка Бисера и чичко Боро – прекрасните, кои јас ги познавав уште од дете. И секако драгото семејство Петковски и поширокаta фамилија ја знаев одлично. Тоа беше навистина прекрасно време, со златни пријателства и драгоцени контакти.

Но како не плени авторо? – Најпрво, впечатлива е невидената љубов на авторот кон сеќавањето кога тој говори за рајот на детството, потоа за маалската оаза Млин Балкан кога го опишува тогашното култно Скопје, кое сега за жал, повеќе го нема. Потоа пишува за ученичките и момчешките години, за урабаните легенди на градот. И со невидена страст зборува за дружините на Водњанците и на центарците, со невидена енергија за евокација и сугестивност во неа.

И сета... голема и чиста сета.

Меланхолија, тага, довик за минатато.

Потоа говори за авантурите на дружините во тогашното Скопје, познато со невидени летни горештини. Или што би рекол авторот: „Сказна за мултикултурноста и за другоста на маалски начин во предземјотресно Скопје“ За меѓу-маалските игри на центарци, Водњанци, Топаанци, итн, кои испоседнати на земја играле познати игри како „Де ла ској“ на кејот на реката Вардар. Сласта на уживањето во забранетите работи – во рајот на детството, но и во светот на возрасните – како што вели самиот автор.

Оваа книга-уживалница, оваа духовна слаткарница, оваа размислувалница изобилува со фини филозофеми, размисли по секоја епизода. Тие снажни мисли се наш патоказ – наша светлина која ја освојуваме со секоја страничка од овој драгоцен роман.
Ова книга има прекрасни психизми кои ги доживуваме...
И прекрасно време им се одвојува на деталите, на уметноста на опишување на детали. Таков е описот на „маалските ритуали“, на загледувањето во ужинките што децата ги јадеа во маало. На оние ужинки, ги паметите: „лепче намачкано со свинска маст со црвен пипер одозгора“ или
Оваа книга-сонувалница на минатато, буи од прекрасен стил кој плени.
Има живи реплики, сугестивни и снажни небаре се од некоја драма.

**За мигот и вечноста**
Овој роман, иако, само навидум нема некои филозофски претензии, бидејќи пред се плени со живо возбудливо дејство и впечатливи ликови, има и трајни вредности од сферата на филозофемите. Петковски е вешт, елегантен, рчаиси „невидлив“ филозоф кој ненападно филозофира, суптилно не поучува. И така, оваа книга, кај мене побуди размисли за феномените: за мигот и за вечноста.
Триумфот на мигот, страста на доживувањето, но и интензитетот и квалитетот на евокацијата – се моќни атрибути на авторот Петковски. А нашиот интерес за односот на мигот и вечноста, не поведе кон големиот Борхес. Оној Борхес којшто посегна по генијалното сфаќање на „историја на вечноста“. Оној Борхес кој сфати и не поучи дека: „За нас проблем е времето, трепелив проблем, можеби највиталниот, од метафизиката; вечноста – игра или тегобна надеж.“ (Борхес, Х. Л., 2017).
Мигот – како пандан на вечноста, мигот – како силна експресија на доживеаното, мигот, оној, незаборавниот – како победа над смртта, како „брат“ на вечноста, можеби онаа недосегливата, но длабоко отворена кон – Амаркорд... Кон „секавањето со љубов“. Кон култот на меланхолијата, кон почитта кон минатото. Конечно – минатото како голем знак на идентитот, како траен белег, сема, означител – за нас. Како сведок, како вистина.

**Животот...**
„Прекрасен си – му велам на животот –
Побујно веќе не може да биде,“

Ќе крикне низ стих Нобеловката Вислава Шимборска (Шимборска В., 1996), а ќе крикне гласно и писателот Петковски кога ја слави „апотеозата на делникот“, онаа за која виртуозно пееше валиканот Гане Тодоровски или пак грандиозниот Ацо Шопов кој преку стих „купуваше“ стари насмевки, спомени и радости.
Та ако се запрашаме за прашањето: што е тоа духовен прогрес и како тој е третиран во овој роман на Петковски, редно е потсетиме на филозофот Аристотел, кој во делото „За душата“ вели: „Под живот го подразбираме сопственото одгледување, растење и опаѓање. Така, секое природно тело што учествува во животот, би било суштост – и тоа сложена суштост.“ (Аристотел, 2008, стр. 41).
Тоа „учество во животот“ е многу важно. Тоа е дејство, акција – тоа е она кое што не прави живи, активни, продуктивни. Тоа, конечно е – верувам препознавате, е – с л о б о д а т а. И слободната, слободомислечка личност.
Онаа, денес пригушена со разно-разни епидемии, принудни карантини, кои потоа прераснуваа и со самоиницијатвни самоизолоцаии, а потоа прераснаа во во ужасни и штетни асоцијализации, та во самуништувачки депресии, колективни психози и неурози, карактеристични за масовните војни, вистински, реални, психолошки, економски, и какви се не...
И така, измачени, изморени од тешката реалоност, го дочекуваме ова дело, кое плени со енергија, смисла за убав и возбудлив живот како активен, креативен процес.
Креативен процес, налик на: „(...) доживотен предизвик за себеосознавање, духовен раст и инспирација.“ – според Елизабета Шелева (Шелева Е. 2025, стр. 5).
Оваа книга е доказ дека не не уништиле. Оние кои имале план да ги сотрат убавите маала, да не заробат во бетонска урбанизација, во неподносливи серијали од кризи, кризи во perpetuum mobile, кризи на моралот, на падот на вредностите и на кулминација на понижувањата!
Понижувања, деградирања на луѓето кои имале честит и достоинствен живот, луѓе со своја глава, луѓе од полемика, акција, но и од перо...
Луѓе кои ја градеа и се уште ја градат интелектулната, академската, уметничката вредност на нашето живеење, но и луѓе кои искрено им веруваат и го споделуваат животот со нив.
Луѓе од идентитет. И од свест за идентитет.

И време е да грмнат зборовите на непресушниот наш Ташко Георгиевски (Георгиевски Т., 2011, стр. 7) кој вели:
„Само дрвото не се поместува
од својата Земја.
Постојано си стои на своето место.
И да се исуши, пак останува
сосе коренот в земја
Во коренот му е и минатото и иднината.“

Така, и за авторот Петковски, рајот на детството – е врвна суштина. Не само почеток, мугра на животот, туку и *живот во животот*.
Висок идентитет. Идититет кој расте и преку детството – во светот на возрасните.
Така и дрвото – ќе си го најде и минатото, но и иднината – во својот сопствен корен.
Онака како што ние одмна - сме праЕвропа – за Европа, онака како што нам светлината ни е во нашиот корен и во нашата светлина, онака како што Свети Кирил ќе запраша (Зборник на трудови од првите Кирило-Методиеви научни средби. Скопје, 2025, стр. 19):

„Зарем дождот од Бога на паѓа подеднакво врз сите?“

... онака како што нашиот Амаркорд е древнина од Стоби, Плаошник, но и далеку пред нив...
Најмоќното нешто – е кај нас...
Само ние можеме да бидеме – ние.
Само низ свест за сопственото минато ни, ќе имаме убави средби и со идината и со вечноста...
Преку мигот, преку мигот... Преку тирумфот на мигот – како овој, сега.

**3. РЕЗУЛТАТИ И ЗАКЛУЧОЦИ**
Делото *Детството е повеќе од амаркорд* од Владимир Петковски е книга за *вечното* и *човечното.* Вечноста, како вечно неодгатлив филозофски феномен, но и како творечки предизвик, може да ја сфатиме како: „Во филозофските дикусии, особено место зазема прашањето за односот на вечноста и на времето, во смисла на тао дали веченоста треба да се сфати како бескрајно траење (анг. sempiternity), или, напротив, како нешто што е спротивставено на времето, што е безвременско (анг. eternity).“ Подготвиле: Димишковска А. и Џепароски И. (Филозофија Том I I) (2022, стр. 100).
Од друга страна, може да зборуваме за поимот или феноменот *човечност (човечно).* И во таа перспектива, ни се отвора ваква филозофска претстава, според филозофскиот поимник: „Настроение, мислење и начин на постапување што се раководи од чуство на наколонетост разбирање, љубов и приврзаност спрема другиот човек и се стреми кон унапредување на балгосостојбата на другите луѓе. Како етичко учење, за алтруизмот врвна вредност и највисока цел претставува дејствувањето насочено кон доброто на другите, дури и по цена на занемарување или жртвувањето на сопствените интереси, среќа или живот.“ Подготвиле: Димишковска А. и Џепароски И. (Филозофија Том I, подготвиле) (2022, стр. 29).
Сиот концепт на делото *Детството е повеќе од амаркорд* од авторот Петковски, сета негова внатрешна „драма“ која избувнува од внатрешните суштини и „невидливи филозофски светови“, е воден од две сили: *вечното* и *човечното.*
И помеѓу таа дилема: дали вечноста е прашање на „бескрајно траење“ или пак е атемпорална категорија (која подразбира отуство на време), е вгнездена сета „филозофска“ река на ова прекрасно дело, кое освојува со фанстатични атмосфери, состојби и случки од минатото. И време е да го цитираме Ганевиот стих, оној на великанот на современата македонска книжевност и култура, кој преку стихотечение нѐ благословува:
Сѐ да се осмислува живородно и брзотечно
И сѐ што е минливо да се престорува во вечно.

Тој благослов, минатото да се престорува – во вечност, во атемпорална вредност, е голема вредност која е длабоко „вткаена“ во делото.
Амар + корд = „сеќавање со љубов“ (како сјајна кованка и неологизам кој може да се преведе како „сеќавање со љубов“), - овој пат, не само како реплика и варијанта на славниот истоимен филм, но и како оригинално, сетно, носталгично, шармантно, топло писмо, влеано во извонреден роман, кој по жанр е белетризирана автобиографска проза, која вешто умее да не понесе кон сјајот на минатото, кон сокаците на нашата младост, особено на генерациите пред нас, оние кои умееја во славното Скопје да испишат прекрасна белетиризирана

реалност која се уште се памети по славни ликови, настани, простори – на она старо Скопје, кое веќе го нема.
Но, помеѓу вечноста и човечноста – расте овој сјаен роман, помеѓу искреноста, отвореноста и потребата да се сподели сета таа младост - со нас, расте како значајно дело кое е прекрасен монумент на „рајот на детството“, на младоста, на убавината на животот и животните сокови, на врвот над сите врвови – љубовта, ах таа кралица над кралиците, таа вонземска, вонвременица која освојува ли, освојува во овој блескав роман на Петковски.
„Рајот на детството“, младоста, симпатиите, љубовта, радоста на животот – преку раскошна галерија ликови и дејства,градат „планини“ и „планини“ прекрасна проза која тече ли тече, и воедно се извишува како високо и вечно човекољубие, и сјајно – животољубие.
Во тој „моазик“ е запишан светот, универзумот на творечката фикција, која искрено се отвора кон нас, без „завеси“ за својот живот, оти животот кој се живее искрено и со полни гради, тој е гордост, возвишение, радост, химна на љубовта и животот.
За таков свет раскажува извонредниот Петковски, оној кој реши да ни подари авторско „сеќавање со љубов“...
Амар + корд...

**ЛИТЕРАТУРА**

Аристотел (2008). За душата. Скопје. Магор.
Борхес, Х. Л. (2017). Историја на вечноста. Скопје. Бегемот.
Георгиевски, Т. (2011). Во зборникот „Дрвото во македонската поезија“. Скопје, Македонски духовни конаци. (Избор и приредила: Светлана Христова-Јоциќ)
Димишковскаm А., & Џепароскиm И. (подготвиле) (2022). Филозофија Том I. Скопје. Македонска академија на науките и уметностите.
Димишковска, А., & Џепароски, И. (подготвиле) (2022). Филозофија Том II. Скопје. Македонска академија на науките и уметностите.
Николовска К. (2025). Македонистичко послание. Скопје. Панили.
Петковски, В. (2021). Амаркорд. Скопје, Матица.
Уредник Ангелеска-Панова А. (2025). Скопје. Зборник на трудови од првите Кирило-Методиеви научни средби. Скопје, Институт за национална историја, Униveриzтет „Св. Кирил и Методиј“, Православен Богословски факултет „Св. Климент Охридски, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
Шелева, Е. (2025). Книжевни созвучја и огледала. Скопје. Сивејан.
Шимборска В. (1996). Крај и почеток. Скопје. Детска радост.